# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2011

***Н Е В Л А Д И Н А   О Р Г А Н И З А Ц И Ј А***

Оваа публикација беше овозможена во рамките на Програмата CIVICA Mobilitas- имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведеите мислења се мислењата на авторот и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC.

# *"К Х А М" -Делчево*


Издавач:**Невладина Организација "КХАМ" од Делчево**
За издавачот:
**Шериф Ибраимов**-Претседател на Собрание
**Зекир Абдулов**-Извршен Директор

Извршна канцеларија на организацијата:
***Елвис Ковачев****-Медијатор- Образовна програма*
***Мерсид Мустафов****-Медијатор- Образовна програма*
***ЗоранБиковски****-ПроектенКоординатор-Здравствена Програма*
***Санела Абдулова****-Проект асистент -Здравствена Програма*
***Ромина Кајтазова****-Помошник на медијатор-Здравствена програма*

***Анита Цоневска****-Програмски Координатор*
***Розета Такева****-Финансов Администратор*



***www.khamdelcevo.org.mk***
e-mail:kham@sonet.com.mk
адреса: "Маршал Тито"б.б. Делчево
тел/фах:033/413-695



***Членови на Управен Одбор***
1.Шериф Ибраимов
2.Бети Толевска
3.Желеанка Демирова
4.Виолета Илиевска
5. Влатко Даневски

***Членови на Надзорна Комисија***
1. Сузана Петровска
2. Мехмет Мустафов
3. Тони Стоименовски



Оваа публикација беше овозможена во рамките на Програмата CIVICA Mobilitas- имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведеите мислења се мисленјата на авторот и нужно не ги рефлектираат мисленјата на ЦИРа и SDC.

## *ВОВЕД*

*За НВО КХАМ-Делчево, 2011 година беше година на променета организациска структура, на ревизија и етаблирање на малку поразлична визија и мисија; година на прилагодување на праксата и политиките и на големо систематизирање на работите внатре, се со цел поедноставување на процесите во организацијата.*

*Тоа што успеавме да направиме е да ја поместиме сопствената граница на продуктивноста и да ја максимизираме организациската ефикасност истовремено поставувајќи ги коцките за имплементација на јасна фокусирана организациска стратегија.*

*Одтука и ентузијазмот со кој влеговме во 2011 год. со свест за големината на сопствените капацитети, спремни да се посветиме на мисијата како и да споделуваме искуства со други организации и градење на нивните капацитети и давање на она што е насобрано како локално искуство и знаење.*

*Тоа што беше визија кон која се стремевме во 2010, во 2011 се претвори во интензивна и динамична реалност.*

*Во тек е изработка на нов стратешки план за периодот 2012-2014 при што се дефинирани нова визија, мисија и нови стратешки цели на организацијата.*

*Во текот на 2011 година НВО КХАМ работеше на програма насочена кон зајакнување на капацитетот на самата организација, на програми од областа на здравството и права од здравствената заштита и образовни програми.*

*Во изминатите 12 години со голем успех ги оствaруваме целите кои сами си ги поставивме и затоа од година во година се зголемува бројот на активности кои ги организираме.*

*Благодарни сма на нашите донатори и поддржувачи кои го согледаа капацитетот на нашата организација и истиот активно го користат за имплементирање на своите програми.*

*На крајот би рекле дека 2011 година за нас беше година на интеракција во која НВО КХАМ интензивно соработуваше со НВОи од Македонија, со институциите на локално ниво, со што сметаме дека поставивме позитивен пример за праксата на соработка које е пресудна за да се покажат резултатите од дејствувањето на граѓанскиот сектор.*

*Од ова може да се заклучи дека 2011 година беше успешна година во која НВО КХАМ продолжи да ја остварува својата мисија за зајакнување на демократските* вредности *на нашето општество, подобрување на состојбата на нашите целни групи, создавање демократски амбиент како и добро владеење и управување во рамките на процесот на децентрализација.*

Оваа публикација беше овозможена во рамките на Програмата CIVICA Mobilitas- имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведеите мислења се мислењата на авторот и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC.

*Благодарни сме на довербата која ни беше укажана од страна на CIVICA Mobilitas при спроведување на Годишната Програма за 2011 год. на НВО КХАМ од Делчево*

***Зекир Абдулов***

***ВИЗИЈА***

НВО КХАМ-Делчево е институционализирана организација во рамките на системот на државата и активен чинител кој придонесува за развој на граѓанското општество и демократија како и за институционален пристап и интеграција на ромската популација и другите маргинализирани групи во сите сфери на општествениот живот.

***МИСИЈА***

Подигање на образовното ниво и подобрување на социоеконмскиот статус на маргинализираните групи и давање на придонес кон зајакнување на капацитетот на НВОи во Источна Македонија преку соработка со домашни и странски организации и институции.

***Стратешки цели***

1.Искористување на сите можности и потенцијали на организацијата како и развивање на форми за лобирање и застапување за развој на демократија, граѓанско општество и човековите права.

2. Операционализација и институционализација на локалните и националните Акциони планови од Декадата на Ромите 2005-2015 год.

3. Социјална кохезија и намалување на сиромаштијата

4.Развој и унапредување на добротворството и волонтерството

5. Подобрување на имиџот и развивање на позитивна слика за Невладинот сектор во државата преку интензивирање на соработката со локалната и централната власт

6.Кроссекторска и меѓугранична соработка како и поддршка на евроинтеграциските процеси.

***Вредности и принципи на работа на НВО КХАМ***

1. Професионалност и одоговорност во работењето
2. Стручност во извршување на задачите
3. Изнаоѓање на идејни решенија и методологии во спроведувањето на различни програми
4. Креативност во нови приоди
5. Обезбедување на одржливост при реализација на активностите
6. Активно вклучување на корисниците во процесот на креирање и изработка на програмите
7. Транспарентност и отчетност во соработка со донаторите и корисниците на услугите
8. Промовирање на вредности на демократско граѓанство во сите сфери на работењето

Оваа публикација беше овозможена во рамките на Програмата CIVICA Mobilitas- имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведеите мислења се мислењата на авторот и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC.

***ПАРТНЕРИ И СОРАБОТНИЦИ***

***За успешно реализирање на Програмата на НВО КХАМ Делчево за 2011 година, голема благодарност упатуваме до CIVICA Mobilitas, чија Програма се имплементура од ЦИРа,а а финансиски е поддржана од Швајцарската Агенција за развој и соработка-SDC***

## *Партнери:*

***Фондација Отворено Општество Македонија***

***Здружение за солидарност еманципација и еднаквост на жените во Република Македонија***

***Roma Education Fund***

***Министерство за труд и социјална политика на РМ***

***Општина Делчево***

***Адвокатска Комора на Република Македонија***

Оваа публикација беше овозможена во рамките на Програмата CIVICA Mobilitas- имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведеите мислења се мислењата на авторот и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC.

## *ПРОЕКТИ*

***CIVICA Mobilitas програма***

Во 2011 год. благодарение на институционалниот грант CIVICA Mobilitas, кој е финасиран од Швајцарската Агенција за развој и соработка, а имплементиран од Центарот за институционален развој-ЦИРа - Скопје.

Главна цел на Програмата за институционални грантови е да се зајакнат капацитетите на организациите од граѓанскиот сектор со цел управување на истите на транспарентен, ефикасен и одржлив начин, како и за градење на нивната стручна експертиза со цел подобрување на нивното влијание воопшто и подобрен степен на обезбедување на услуги.

Со оваа Програма се поттикнуваат организациите од граѓанскиот сектор да воспостават стратешки врски со разни чинители, особено чинителите од локалните заедници за да се обезбеди дополнителна поддршка во имплементирањето на активностите.

CIVICA Mobilitas дава приоритет и помош на оние организации кои прават напори да ги воведат двете трансверзални прашања (родова еднаквост и меѓуетнички односи) во своите структури, пристапи и активности.

Во рамки на Програмата на CIVICA Mobilitas НВО КХАМ Делчево ја имплементираше својата годишна програма за 2011 год.

**Активности и резултати на НВО КХАМ по Програмата на CIVICA Mobilitas:**

Во насока на институционално зајакнување на капацитеите на НВО КХАМ и задржување на лидерскиот примат во Источно-Брегалничкиот регион, извршена е пререгистрација на организацијата според Законот за здруженија и фондации и преструктуирање на дел од управните и извршните органи и формирана Надзорна Комисија.

-Донесени се повеќе измени во организациските документи и избeрен нов претседател на организацијата.

-Активиран младинскиот и женскиот сектор и регрутурани 38 нови членови и волонтери.

-Испорачани обуки од страна на ЦИРа на членовите на Извршната канцеларија и на дел од членовите на Собранието на НВО КХАМ Делчево, за професионализација и развивање на капацитетите.

-Учествувавме на трите средби за вмрежување кои ги организираше ЦИРа како дел од CIVICA Mobilitas прорамата, а кои придонесоа за запознавање на организации кои дејствуваат на слична проблематика со нашата организација, како и за размена на искуства.

-Креирање на ново лого на организацијата и креирање на VEB страна и страна на една од социјалните мрежи (facebook)

Оваа публикација беше овозможена во рамките на Програмата CIVICA Mobilitas- имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведеите мисленња се мисленњата на авторот и нужно не ги рефлектираат мисленњата на ЦИРа и SDC.

- Во рамките на програмскат цел за развој и унапредување на граѓанскотото оштество и демократија се одржаа Јавни и ТВ дебати на теми што придонесоа за поуспешно следење на органите на локалната самоуправа во давањето на услуги, отчетност и непосредна соработка при креирањето на јавната политика и подигањето на јавната свест, а воедно е извршена Анкета за мониторинг врз работата на институциите и презентација на анализата на Д1 ТВ, за квалитетот на услугите на институциите на локално ниво.
- Кон операционализација и институционализација на Локални Акциони Планови од Декадата на Ромите, НВО КХАМ-Делчево придонесува со редовни месечни средби со претставници на Општина Делчево за решавање на инфраструктурни проблеми дадени во општинската програма и ЛАП за декадата на Ромите и преку редовни месечни средби на Ромскиот Информативен сервис со претставниците на Фонд за здравство, Здравен Дом Делчево, ЈУ Меѓуопштински Центар за социјални работи Делчево, Агенција за вработување како координативно тело за спроведување на активности од Декадата и надминување на проблемите од приоритетните области до ЛАП за декадата.
- Во соработка со ХАНА БГД ДООЕЛ од Делчево, извршена е прекфалификација на 5 лица од ромска националост за конфекциско производство
- Во рамки на годишната програма на КХАМ се одржа свечена манифестација по повод 8 ми Април-Светскиот ден на Ромите организирана од ученици Роми и Македонци.

  На свеченоста присуствуваа голем број на гости претставници на институциите и НВОи со кои соработуваме, родители на децата учесници.

  Се доделија награди за најдобри ученици за 2010 год. и благодарници на институциите со кои имаме долгогодишна успешна соработка.
- Доставена е Иницијатива за положбата на текстилните работнички до Комисијата за еднакви можности (КЕМ), при Советот на Општина Делчево

## ❖ Бесплатна правна помош и правна култура

Во соработка со Адвокатска комора на Македонија, се рализира проектот "Бесплатна правна помош ,правна култура и социјализација". Во Делчево функционира канцеларија за бесплатна правна помош, која го опфаќа регионот:Делчево, Пехчево, Берово, Виница и Кочани. Овој проект за цел има давање на правна помош, пред се на оние категории лица кои се од сите ставени на маргините на општеството. Канцеларијата им стои на располагање на следниве категории лица:

-социјално загрозени лица

Оваа публикација беше овозможена во рамките на Програмата CIVICA Mobilitas- имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведеите мислења се мислењата на авторот и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC.

-самохрани мајки
-хендикепирани лица
-жртви на семеејно насилство
-жртви на трговија со луѓе

Во изминатата 2011 година во Канцеларијата за бесплатна правна помош се пријавени повеќе од 150 случаи од кои во 68 случаи директно е ангажиран адвокат поради тежината на предметот, а во останатите случаи е даден правен совет или друг вид на помош.

Во голем број на случаи, правна помош е побарана од страна на социјално загрозени лица.

- **Проект: Инклузија на децата Роми во јавните детски предучилишни установи**

**Донатори: Ромски едукативен фонд, Министерство за труд и социјална политика, Општина Делчево и Општина Виница**
**Времетраење: 2010/11**

***Цел на проектот***, е да се даде придонес околу зголемувањето на бројот на ромските деца во јавните детски градинки заради нивно адаптирање и подобро социјализирање како и обезбедување услови за нивно вклучување во (идното) задолжително предучилишно образование

Со овој проект се следи напредокот на децата во однос на совладување на македонскиот јазик и се врши нивна подготовка за полесен влез во прво одделение.

Опфатени се 12 деца од општина Делчево и 23 деца од општина Виница од 4,7 до 5,7 годишна возраст и покрај следењето на децата во детската установа предвидени се и активности за подигање на свеста на родителите за потребата од предшколско вклучување на нивните деца во образовниот процес.

***Активностите*** кои го следат проектот се содржат во:

- Идентификација на деца со соодветна возраст за упис во детска градинка;
- Организирање средби, работилници со родители, одење на терен и посети во семејства;
- Следење на напредокот на децата на почетокот на септември 2010 год., и споредба на резултатите во јуни 2011 год., особено на поле на социјализацијата, владеењето на македонскиот јазик и подготвеноста за вклучување во основно образование;
- Континуирана соработка со Министерството за труд и социјална политика-Сектор за заштита на децата;
- Континуирано информирање на претставниците на локалната самоуправа за текот на проектот.

Оваа публикација беше овозможена во рамките на Програмата CIVICA Mobilitas- имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведеите мислења се мислењата на авторот и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC.

- **Проект: "Добар Почеток" (Good start)**

Донатор: Европска комисија
Имплементатор Ромски едуктивен фонд (РЕФ)- Будимпешта
Партнер: ХДЗР „КХАМ“ - Делчево
Времетраење: Јуни 2010- Јуни 2012 год.

Овој проект се реализира во четири европски земји и тоа во : Унгарија, Романија Словачка и Македонија и негова цел е да е обезбеди долгорочна и ефективна подршка на ромските деца на возраст од 0 до 6 години во фаза на нивниот ран развој.

НВО „КХАМ“ од Делчево како партнер во овој проект активностите ги спроведува во три локалитети и тоа во Оптина Делчево со с. Тработивиште, во с. Црник општина Пехчево, и во општина Виница.

Со проектот се реализирани активности со кои се даде придонес кон остварување на проектната цел а тоа се: вклучување на децата Роми во предучилишните установи, посети на ромските семејства (од врата до врата), одржување на настани за заедницата, а пред се за родители кои имаат деца на ова годишна возраст (едукативни и здравствени) и опремување на детските установи во наведените локалитети.

Вклучени деца: 20 од Делчево, 17 од с. Црник, 28 од Виница, 1 дете од с. Тработивиште.

Со проектот „Добар почеток” целосно е завршено адаптирањето на постоечки објект во градинка во с. Црник, општина Пехчево и направена доградба на нови 100 м2 корисна површина во градинката ,,Гоце Делчев“ во Виница.

Одржани се средби во заедницата за подигање на свеста кај ромската заедница за потребата од вклучување на нивните деца во претшколско образование и тоа во сите три општини.

Во месец јули 2011 год. се дефинирани списоците на децата од 0-6 годишна возраст за да се одреди точната целна група односно за да се издвојат децата на возраст од 3 до 6 год. кои треба да бидат опфатени со проектите за вклучување на децата Роми во предучилишните установи.

- Одржани 2 работилници за отпочнувањето на учебната година (Делчево и Виница) и информирани вкупно 47 родители;

-Одржани две здравствено-едукативни работилници во Делчево на тема „Заштита од вошки“ и „Дијареа“ и информирани вкупно 57 родители

- Одржани две здравствено-едукативни работилници во с. Црник на тема „Важноста од обарзование“ и „Грижа за здравјето и одржување на лична хигиена“.

Оваа публикација беше овозможена во рамките на Програмата CIVICA Mobilitas- имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведеите мислења се мислењата на авторот и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC.

Дојдовме  до заклучок дека интересот на родителите е ист како и на почетокот на проектот, а ова е особено видливо во Делчево, каде воопшто нема осип на децата.

Во рамките на проектот, а во насока на негова координација и размена на искуства во областа на инклузивното образование во овој период беше организирана интернационална средби во  Романија.

- ***"Право на здравствена заштита-воспоставување на параправна помош во зедницата"***
  **Носител на проектот: Здружението за соработка, солидарност и еманципација (ЕССЕ)**
  **НВО КХАМ - партнер во спроведување на проектот**

Со проектот„Право на здравствена заштита-воспоставување на параправна помош во заедницата" се реализирани обуки и обучени два пара-правника(лица кои не се правници), за давање услуги за пререгистација и аплицирање за електронска картичка

***Главна цел*** на проектот е подобрување на пристапот на ромското население до правниот систем со фокус на правотот на здравствена заштита

***Специфични цели:***

-Воспоставување на програма за параправна помош во заедницата преку утврдување  и обука на основна група на лица за обезбедување на пара-правна помош.

-олеснување на пристапот до правниот систем со фокус на правата на здравствена заштита

Извршено анкетирање  на граѓаните за проценка на услугите добиени од институциите

***Резултати:***

-информирани 27 лица за измените на Законот за здравствено осигурување на работилница, а пружена помош за пререгистарција на 54 лица, невработени Роми

-Дистрибуирани 350 летоци за промовирање на работата на параправниците и локацијата каде можат да ја добијат услугата.

- одржани 2 трибини во Делчево за „Права на пациентите„ и „Улога на службата за итна помош" и информирани  вкупно 78 лица на овие теми;

-Одржана 1 Информативна активност-посета од врата до врата (делење на информативен материјал од областа за имунизација на деца и возрасни) и посетени вкупно 40 семејства од Ромската зедница; и

- вршење на Параправна поддршка-обезбедување на параправна помош за 26 лица (жалби и претставки до Комисијата за заштита на правата на пациентите, комплетирање на документи за добивање на 3 дравствени книшки за новороденчиња;

-Одржани 6 тркалезни маси

Оваа публикација беше овозможена во рамките на Програмата CIVICA Mobilitas- имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведеите мисленѓа се мисленѓата на авторот и нужно не ги рефлектираат мисленѓата на ЦИРа и SDC.

-Одржани 2 јавни дебати  на теми поврзани со правата на пациентите од здравствено осигурување

- Дадена хуманитарна помош на едно лице за лекување во странство
- Изготвени жалби и поплаки до Комисијата за заштита на правата на пациентите  при Советот на општина Делчево, од лицата-параправници
- Пружена помош при пополнување на апликација за перерегистрација на здравственото осигурување на 34 лица и нивно аплицирање за електронска картичка
- Четири лица упатени и придружувани до здравствените институции
- Поднесени и добиени две барања за информации до институциите(Здравствен Дом и Агенција за Вработување)
- Помош при пополнување барање за електронска картичка на четири пензионери
- Комплетирање на документи за нега ,пополнување на барање за рефундирање на средства за лекови
- Комплетирање комплет документација на лице од вадење лична карта,извод до здравствена книшка за мајката и нејзините деца

- ***„Имунизација на деца Роми“*** *(во трите Општини:Делчево со с.Тработивиште, Пехчево со с. Црник и Виница).*
  ***Донатор:Фондација Отворено општество -Македонија***

Договорот за грант помеѓу ФООМ Македонија и НВО КХАМ, *содржи активности за мониторинг на заедницата и поттикнување и информирање за правото и должноста од имунизација кај ромската популација со посебен акцент на децата на возраст од 0 до 18 год*.

Како прва проектна активност е креирањето на неформално тело чија улога е да застапува ефективно спроведување на компонентата за имунизација од „Програмата за здравствена заштита на маји и деца“ на локално ниво кај Ромската заедница. Вакво тело е  формирано на трите локалитета на кој се спроведува проектот и истото тело ќе врши ревизија на локалната политика, вклучително и следење на тоа како услугите за имунизација се имплементираат на локално ниво.

Ова тело брои 15 луѓе и тоа 5 лица лидери од заедницата, по едно лице од службата за вакцинација и патронажната служба, две лица од КХАМ и по еден претставник од Локалната самоуправа и Комисијата за правата на пациентите.

Преку проектот „Имунизација на Роми„ се направи мониторинг на буџетите на Здравните домови: Делчево, Пехчево и Виница и мониторинг на Програмата за активна здравствена заштита за мајки и деца.

Во месец август 2011 се направи анализа на прашалниците (слободен пристап до информации од јавен карактер), при што имаме два заклучока: 1.едниот заклучок е дека повеке од 98 % од ромските деца во целниот регион (Виница, Пехчево и Делчево) се имунизирани и

2. вториот заклучок дека во трите општини не функционира Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца.

Во месец октомври се одржани:

Оваа публикација беше овозможена во рамките на Програмата CIVICA Mobilitas- имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведените мислења се мислењата на авторот и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC.

- 3 Иницијативни состанока за формирање на неформално тело од претставници во зедницата,
- во ноември-3 состанока на неформалното тело за мапирање во сите општини,
- во декември 2011 год. се одржани 2 трибини на тема „Задолжителна и препорачана имунизација“ и информирани вкупно 156 лица и во двете општини,
- испечатени брошури за задолжителната и препорачана имунизација
- Доставени 23 барања(информација од јавен карактер) до Здравствените домови до трите општини и до единиците за епидемиологија во трите општини.
- Остварени се средби во заедницата каде обучените параправници им го приближија проектот и целта.

## Финансиски Извештај

Финасиското работење на НВО КХАМ Делчево е организиран на начин кој ги почитува најважните начела на финансиското работење: отчетност, транспарентност и документираност.

Финансиското работење е во согласнот зо Законот за сметководствено работење на напрофитни организации. НВО КХАМ Делчево изработува годишен финансиски извештаи, а во согласнот со барањата на донаторите, изработува месечни , квартални и годишни извештаи врз основа на сметководствената документација и евиденција.

Оваа публикација беше овозможена во рамките на Програмата CIVICA Mobilitas- имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведеите мисленња се мислењата на авторот и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC.

Оваа публикација беше овозможена во рамките на Програмата CIVICA Mobilitas- имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведеите мислења се мислењата на авторот и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC.

## Биланс на приходи и расходи
во периодот од 01,01,2011 до31,12,2011 год.

| | Позиција | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Предходна година | Тековна година |
| | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | | a | b | c |
| | **I. Расходи: Материјални расходи, услуги и амортизација** (202до 210) | 201 | 276165 | 1771199 |
| | Потрошени материјали | 202 | 21901 | 176810 |
| | Потрошена енергија | 203 | 20283 | 43671 |
| | Други услуги | 204 | 91097 | 733155 |
| | Превозни - транспортни услуги | 205 | 19000 | 225727 |
| | Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 206 | | 50845 |
| | Амортизација | 207 | | |
| | Набавна вредност на продадените материјали, стоки и услуги | 208 | | |
| | Наемнини | 209 | 51884 | 484608 |
| | Други материјални расходи | 210 | 72000 | 56383 |
| | **Други расходи** (212 до 221) | 211 | 280884 | 3234932 |
| | Провизија за платниот промет | 212 | 13127 | 19091 |
| | Камати на кредити и заеми | 213 | 588 | |
| | Премии за осигурување | 214 | | |
| | Дневници за службено патување и патни трошоци | 215 | | |
| | Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните | 216 | | 3208141 |
| | Негативни курсни разлики | 217 | | |
| | Членарини | 218 | | |
| | Други расходи | 219 | 267169 | 7700 |
| | Издатоци за меѓународна соработка | 220 | | |
| | Пренесени средства | 221 | | |
| | **Капитални и други средства** (223+224+225) | 222 | 0 | 137535 |
| | а) Средства за градежни објекти | 223 | | 7390 |

Оваа публикација беше овозможена во рамките на Програмата CIVICA Mobilitas- имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведеите мислења се мислењата на авторот и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | б) Средства за опрема | 224 | | 130145 |
| | в) Други капотални средства | 225 | | |
| | **Помошти, донации и други давачки** (227+228+229) | 226 | 0 | 350187 |
| | а) Помошти, донации и други давања на правни субјекти | 227 | | 344187 |
| | б) Надомести и помошти на физички лица | 228 | | 3000 |
| | в) Други помошти и давања | 229 | | 3000 |
| | **Плати и надомест на плати** (231+232) | 230 | 177777 | 155466 |
| | а) Вкалкулирани плати | 231 | 177777 | 155466 |
| | б) Вкалкулирани надомести | 232 | | |
| | Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 233 | | |
| | Вонредни расходи | 234 | | |
| | **Вкупно расходи** (201+211+222+226+230+233+234) | 235 | 734826 | 5649319 |
| | Остварен вишок на приходи-добивка пред оданочување (250-235) ако 250 > 235) | 236 | | 5056 |
| | Даноци, придонеси и други давачки од добивката | 237 | | |
| | Остварен нето вишок-добивка по оданочувањето (236 - 237) | 238 | | 5056 |
| | Вкупно (235+ 236) или (23+ 237) ако 237 > 236 =252 | 239 | 734826 | 5654375 |
| | **Приходи од продажба на производи, стоки и услуги** (241+242) | 240 | 0 | 0 |
| | Приходи од продажба на производи и стоки | 241 | | |
| | Приходи од услуги | 242 | | |
| | Приходи од камати и позиивни курсни разлики | 243 | 94 | 1307 |
| | Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 244 | 531818 | 3090121 |
| | Приходи од кирии и закупнини | 245 | | |
| | Сопствени приходи | 246 | | |
| | Други приходи | 247 | | 30000 |
| | Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 248 | 202914 | 393739 |
| | Вонредни приходи | 249 | | 2139208 |
| | **Вкупно приходи** (240+243+244+245+246+247+248+249) | 250 | 734826 | 5654375 |
| | Непокриени расходи (235 - 250) | 251 | | |
| | **Вкупно** (250+251) = 239 | 252 | 734826 | 5654375 |
| | Просечен број на вработени | 438 | 1 | 1 |

Оваа публикација беше овозможена во рамките на Програмата CIVICA Mobilitas- имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведеите мислења се мислењата на авторот и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC.

## Во 2012 година очекуваме...........

- Развивање и натамошно јакнење на капацитетите на НВО КХАМ Делчево за решавање на тековните прашања од областа на граѓанскиот сектор
- Остварување на предвидените стратешки цели од Програмата на НВО КХАМ Делчево за 2012 год.
- Градење на партнерство со други НВОи и развој на соработката со локалната власт и локалните институции
- Јакнење на меѓуетничката соработка и градење на доверба во заедницата
- Изготвување на комуникациска стратегија и план за одржливост
- Зголемена информираност на граѓаните за работата на НВО КХАМ Делчево
- Доближување до проблемите на граѓаните

posledna strana

Печатењето на Годишиот Извештај za 2011 god. на НВО КХАМ од Делчево е овозможено од Програмата за институционални грантови CIVICA Mobilitas, што ја спроведува Центарот за институционални грантови ЦИРа, поддржан од Швајцарската агенција за равој и соработка, претставена од Швајцарската канцеларија за соработка во Македонија.

**издавач**
**НВО КХАМ Делчево**

**адреса**: Маршал Тито б.б
тел/факс: 033/4130695
email:kham@sonet.com.mk

**Извршен директор**
Зекир Абдулов

**фотографии**: фотоархива на НВО КХАМ Делчево
**Графички дизајн и печат**:ПРИНТ БИ Делчево
**Тираж**: 250

Оваа публикација беше овозможена во рамките на Програмата CIVICA Mobilitas- имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведеите мислења се мислењата на авторот и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC.